Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-189/9

________ година

15-05-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-189/1 од 7.2.2025 година поднесена од со адреса на живеење на , против Министерство за одбрана, за сторена дискриминација врз основа на личен статус и возраст во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 7.4.2025 година го донесе следното

## **МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен статус и возраст во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за одбрана врз подносителот поранешните вработени во Министерството за одбрана кои се пензионирале пред влегувањето во сила на новиот Колективен договор од 13.2.2024 година.

## **Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-189/1 од 7.2.2025 година од страна на подносителот врз основа на личен статус и возраст во областа на работата и работните односи, а против Министерство за одбрана.

Подносителот на претставката наведува дека со влегувањето во сила на новиот Колективен договор на Министерството за одбрана на ден 13.2.2024 година, вработените во Армијата на Северна Македонија добиле значително подобри услови во однос на јубилејните награди и отпремнините, во споредба со лицата кои се пензионирале според претходниот Колективен договор од 2019 година. Подносителот на претставката тврди дека потпишувањето на Колективниот договор ден пред парламентарните избори отвара сомнеж дека истиот бил донесен заради остварување на поволности за одредени поединци. Тој смета дека на тој начин се прави неоправдана разлика помеѓу сегашните и поранешните вработени. Во таа смисла, подносителот наведува дека се работи за лица кои биле бранители од 2001 година, воени лица од почетокот на формирањето на Армијата на Северна Македонија, генерали, полковници, потполковници и наредници.

На ден 11.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Дополнување на претставката од страна на Видан Кипријановски, заведено под арх. бр. 08-189/2.

<u>Во прилог на Дополнувањето на претставката беше приложена следната документација:</u>

1. Решение од Министерство за одбрана со бр. 09-3050/4 од 30.10.2024 година
2. Решение од Министерство за одбрана со бр. 09-3050/2 од 8.10.2024 година
3. Извадоци од Колективните договори на Министерството за одбрана
4. Решение за избор на кандидати за прием на цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија со бр. 04-531/25 од 7.2.2024 година
5. Извадок од новинарска статија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

6. Достава на Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1169/4 од 14.2.2024 година
7. Поднесок за иницијатива од НСПВ СО Скопје бр. 09-3303/1 од 16.10.2024 до Министерство за одбрана
8. Иницијатива на Координативно тело на поранешни припадници на Армијата
9. Список на потписници на Иницијатива на Координативно тело на поранешни припадници на Армијата
10. Фотографија од протест на пензионирани воени лица и професионални војниц и од 1.5.2024 година
11. Кореспонденција од апликацијата „Messenger"

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.2.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до Министерство за одбрана, заведено под архивски број 08-189/3.

На ден 4.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката, од страна на Министерство за одбрана, заведено под архивски број 08-189/4.

Од страна на Министерство за одбрана е наведено дека во конкретниот случај немало повреда на правата од работниот однос од страна на работодавачот и во моментот и во иднина ќе биле испочитувани сите права на вработените кои произлегуваат од Закон за служба во Армијата, Закон за одбрана, Закон за вработените во Министерството за одбрана, Законите од областа на работните односи и права, како и од Колективниот договор. Во таа насока, наведено е дека во Министерството за одбрана како орган на државната управа од областа на одбраната и безбедноста, постојат повеќе категории вработени лица и тоа: помошно-технички лица, активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кои биле расоредени согласно Правилник за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата. Понатаму, од страна на Министерството за одбрана објаснуваат дека за секоја категорија вработен постои посебна законска регулатива. За активен воен и цивилен персонал важат одредбите од Закон за служба во Армијата, Закон за одбрана и Закон за вработени во Министерството за одбрана и Колективниот договор. Во однос на Колективниот договор, наведено е дека одредбите од истиот се однесуваат исклучиво на вработените лица и согласно позитивните законски прописи, не може да важат и за лица кои пред влегување во сила на истиот заминале во пензија. Колективниот договор се склучува помеѓу синдикат којшто ги застапува вработените и работодавачот. Од таа причина, Колективниот договор не може да се однесува на лица на кои им престанал работниот однос. Притоа, се наведува дека сите вработени заминуваат во пензија согласно одредбите предвидени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување и постојните важечки прописи. Се потенцира дека со ваквото барање за ретроактивност кое произлегува од наводите од претставката, би се нарушила правната сигурност. На крајот од прозинесувањето е наведено дека барање за предлагање измена на Колективниот договор спаѓа во исклучителна надлежност на Синдикатот и работодавачот.

Со цел да се овозможи отворен дијалог помеѓу засегнатите страни и изнаоѓање заедничко решение, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 12.3.2025 година испрати Барање за закажување средба до Министерството за одбрана, заведено под арх. бр. 08-189/5.

На ден 27.3.2025 година на е-поштата на Комисијата од страна на Министерството за одбрана беше испратен Одговор на барањето, во кој се прифаќа барањето за средба.

На ден 4.4.2025 година се одржа средба на која присуствуваа претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и претставници од Министерството за одбрана. На средбата беше дискутирано прашањето изнесено од претставниците на Комисијата за заштита од дискриминација во врска со 613 пензионирани лица кои се жалат на дискриминација. Тие укажале дека добиле пониски јубилејни награди и отпремнина, согласно одредбите од стариот колективен договор. Од Министерството за одбрана беше појаснето дека новиот колективен договор навистина предвидува подобри услови, но истите се однесуваат исклучиво на лица кои сè уште се во работен однос. Според нив, договорот не може да се применува ретроактивно, што значи дека не постои основ за повратна примена кај веќе пензионирани лица.

На ден 8.4.2024 по електронски пат на е-поштата на членот известител беше доставено Дополнување на претставката, со арх. бр. 08-189/7. Подносителот на претставката тврди новиот Колективен договор на Министерството за одбрана бил потпишан на 13.2.2024 година од причина што претседателот на Независниот синдикат на одбраната –
како потписник на Колективниот договор чекал да биде донесено Решение за прием на неговиот син во служба на Армијата. Дополнително, потенцирано е дека за наведениот период биле пензионирани 71 лица, додека по истекот на 2024 година биле пензионирани 1 или 2 лица.

<u>Во прилог на Дополнувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Записник од реализираното интервју од Комисијата за спроведување на јавен оглас за прием на кандидати за цивилни лица на служба во Армијата на Република Северна Македонија по огласот објавен на 31.1.2024 година со бр. 03-531/23 од 6.2.2024 година
2. Решение за избор на кандидати за прием на цивилен перонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија со бр. 04-531/25 од 7.2.2024 година

Земајќи ги предвид наводите и доказите од претставката, дополнувањата на истата и наводите и доказите од произнесувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на личен статус и возраст во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за одбрана врз подносителот и поранешните вработени во Министерството за одбрана кои се пензионирале пред влегувањето во сила на новиот Колективен договор од 13.2.2024 година, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Во таа смисла, член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја забранува секоја дискриминација врз основа на *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација. Имено, разликата во износот на јубилејните награди и отпремнините произлегува од различниот временски момент на престанок на работниот однос, односно дали лицата се пензионирани пред или по влегувањето во сила на новиот Колективен договор од 2024 година. Одредбите од Колективниот договор на Министерството за одбрана од 2024 година се применуваат исклучиво на лицата кои се во редовен работен однос во моментот на неговото важење и истите не можат да се применуваат ретроактивно на лица чии права биле веќе остварени под претходно важечкиот Колективен договор. Таквата правна состојба не претставува различен третман врз основа на заштитна карактеристика, туку е последица од примена на важечкиот Колективен договор и правната неможност неговото дејство да се прошири на период пред неговото влегување во сила, што е во согласност со начелото на правна сигурност. Имајќи го предвид сето наведено, Комисијата оценува дека ваквата состојба произлегува од објективна и разумна оправданост и дека не е насочена кон исклучување, ограничување или неповолно постапување поради заштитна карактеристика, туку е резултат на правно заснована и временски ограничена примена на новиот Колективен договор.**

Согласно горенаведното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
- Министерство за одбрана, ул. „Орце Николов" бр.116, 1000 Скопје